# ОПШТИНА ИЛИНДЕН



## ОТЧЕТ 2025

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН ВО 2025 ГОДИНА









# ГРАДОНАЧАЛНИКОТ АЛЕКСАНДАР ГЕОРГИЕВСКИ ПОВТОРНО ЈА ДОБИ ДОВЕРБАТА НА ГРАЃАНИТЕ

● На осмите локални избори, што се одржаа на 19 октомври 2025 година градоначалникот Александар Георгиевски повторно ја доби довербата на граѓаните на Општина Илинден. Новиот градоначалнички мандат да ја води Општината и во наредните четири години тој го стекна уште во првиот круг на изборите.

Уверението за избран градоначалник му го врачи претседателот на Општинската изборна комисија, Гоце Крстевски, на пригодна свеченост што се одржа во конференциската сала на Домот на култура „Илинден“.



**Уверенијата за избрани советници на Советот на Општина Илинден, ги примија и новите петнаесет советници:**

**ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата:**

1. Светлана Слезенковска
2. Благоја Митровски
3. Борче Најдовски
4. Миле Стојановски
5. Влатко Љубовски
6. Мери Стаменковска
7. Марко Младеновски
8. Лука Трифуновиќ
9. Сара Ѓорѓиевска
10. Христина Колевска
11. Марко Трпески

**СДСМ и коалицијата:**

1. Мишо Марковски

**Левица:**

1. Ацо Христовски

**ВМРО – Народна:**

1. Сашо Секуловски

**Движење ЗНАМ:**

1. Ивица Јовановски

# ЗАЕДНО, СО НОВИ ПРОЕКТИ ДО ПОДОБАР ЖИВОТ

**Почитувани сограѓани,**

Пред Вас е Извештајот за работењето на Општина Илинден во 2025, изборна година во која и покрај ограничувањата поради изборите успеавме да ги реализираме најголемиот дел од проектите што беа зацртани во нашите приоритетни активности.

Најнапред дозволете да Ви се заблагодарам за укажаната поддршка и довербата што ми ја дадовте да ја водам Општина Илинден и во наредните четири години. Не можам да го скријам моето задоволство што давајќи ми ја довербата ја препознавте посветената работа, реализацијата на бројни проекти и остварувања на конкретни резултати важни за развојот на Општината.

Заедно докажавме дека со единство, визија и меѓусебна почит можеме да создадеме подобри услови за живот, посилна локална заедница и посигурна иднина за сите граѓани. Секој реализиран проект е плод на заеднички труд и искрена љубов кон местото во кое живееме.

**Почитувани сограѓани,**

Благодарејќи на доброто планирање и почитувајќи и прифаќајќи ги Вашите предлози, сугестии и идеи, со заеднички сили, согласно вашите потреби, успеавме да реализираме голем број капитални проекти во сите населени места.

Изградени, реконструирани, рехабилитирани и санирани се 64 улици, тротоари и пешачки патеки во вкупна должина од над 14.000 метри, изграден е канализациски систем во вкупна должина од 10.000 метри, при што се поставени четири препумпни уреди, изграден и пуштен во употреба е нов Здравствен дом, се изврши изградба на нова кујна во детската градинка, за прв пат во општината е изграден нов урбан парк-плоштад со повеќе содржини, во употреба беше предадено новото спортско-рекреативно катче околу Бучинско Езеро. Посебно внимание посветивме на екологијата и чистењето на каналската мрежа, набавката на нови возила за јавните комунални претпријатија, реновирањето на домовите на културата, изградбата на спортски терени и детски игралишта, истовремено поддржувајќи ги сите културни и спортски настани што се белег на Општината.

Во насока на обезбедување современи и квалитетни услови за настава и создавање стимулативна средина за учениците и наставниот кадар континуирано се инвестираше во опрема во трите основни и средното стручно училиште „Илинден“.



**Почитувани сограѓани,**

Ова се само дел од многубројните проекти реализирани минатата година, кои што ни даваат за право со оптимизам да веруваме дека во новата 2026 година, со нови идеи и планови заедно ќе реализираме уште многу капитални проекти со цел подобар живот за граѓаните во сите 12 населени места.

Нека 2026 година биде исполнета со здравје, среќа, мир во домовите, топлина и надеж во срцата. Нека биде година на разбирање, солидарност и нови можности, година во која ќе продолжиме да градиме општина во која секој човек е уважен, слушнат и испочитуван.

**м-р Александар Георгиевски**
**Градоначалник на Општина Илинден**


Дотации од буџет на РМ
и буџет на фондови
46%
Сопствени приходи
54%
Извори на
приходи
во буџет 2025 г.


Структура
на расходи
во буџет
2025 г.
Трансфери,
субвенции
и резерви
2%
Отплата
на заем
1%
Плати и
надоместоци
5%
Плати за вработените
во училиштата и
детската градинка
30%
Капитални расходи
45%
Тековни трошоци за
работа на училиштата и
детската градинка
8%
Тековни трошоци за
работа на општината
9%


ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ ВО БУЏЕТОТ НА
ОПШТИНА ИЛИНДЕН 2015-2025 ГОДИНА
800.000.000,00
700.000.000,00
600.000.000,00
500.000.000,00
400.000.000,00
300.000.000,00
200.000.000,00
100.000.000,00
0,00
301.075.229,00
373.277.867,00
259.223.737,00
244.051.946,00
340.664.432,00
284.579.752,00
403.451.245,00
340.538.371,00
415.631.383,00
465.590.343,00
682.636.901,00
2015
2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024
2025



# ИЗГРАДЕН И ПРЕДАДЕН ВО УПОТРЕБА НОВ ЗДРАВСТВЕН ДОМ

● Изграден и предаден во употреба е нов Здравствен дом во општина Илинден. Свеченото пуштање во употреба беше во присуство на премиерот на Република Македонија, Христијан Мицкоски, министерот за здравство, Азир Алиу, градоначалникот Александар Георгиевски, пратеници, директори, советници, како и голем број граѓани и претставници на локалните институции. Овој објект претставува капитална инвестиција од големо значење за жителите на општината. Изграден е на две нивоа, со површина од околу 600 м², според највисоките современи стандарди и обезбедува примарна и специјалистичка здравствена заштита.



Овој проект е резултат на дијалог и соработка со граѓаните и иако изградбата на здравствени установи не е директна надлежност на локалната самоуправа, општина Илинден ја препознала потребата за ваков објект.

Новиот Здравствен дом значително ги подобрува условите за работа на здравствените работници, отвори нови работни места и обезбеди побрз пристап до здравствена заштита без потреба од патување до други општини.

# ИЗГРАДЕН Е НОВ УРБАН ПАРК – ПЛОШТАД




● Во рамките на уредување и модернизација на јавниот простор во сите населени места, со цел создавање на современи и пријатни локации за квалитетно поминување на слободното време на граѓаните, во Марино е изграден нов урбан парк-плоштад  со повеќе содржини.

Паркот се наоѓа меѓу улиците „531“, „532“ и „534“ и зафаќа површина од околу 6.000 м². Просторот е партерно уреден, поставено е улично осветлување, чешми, клупи, корпи за отпадоци, паркинг простор, пешачки патеки и пристапна сервисна улица. Паркот е збогатен и со зелени површини, отворен плоштад наменет за јавни настани, централна фонтана, жардињери со декоративни растенија, како и детско игралиште опремено со современи реквизити за најмладите.

# ПУШТЕН ВО УПОТРЕБА ТУРИСТИЧКИОТ ЛОКАЛИТЕТ „БУЧИНСКО ЕЗЕРО“



● Во употреба беше предадено новото спортско-рекреативно катче околу „Бучинското Езеро“ во Бучинци. Станува збор за целосно преуреден туристички локалитет што нуди простор за одмор, спорт, релаксација, рекреација и дружење на отворено.

Просторот околу езерото е партерно уреден и поплочен со нови бекатон плочки, изградени се пешачка патека долга 60 метри, како и платформа за прошетка и одмор. Исто така, тампониран е и пристапен пат од 100 метри, а за љубителите на риболовот е изработена специјална платформа за риболов. Местото е осветлено со нови енергетски ефикасни канделабри, поставени се урбани елементи како клупи за одмор и корпи за отпадоци, а централниот летниковец нуди пријатна сенка и простор за дружење и уживање.



# ИЗГРАДЕНА Е НОВА ЦЕНТРАЛНА КУЈНА ВО РАМКИТЕ НА ГРАДИНКАТА „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“



● Станува збор за современ простор со вкупна површина од 300 м² на две нивоа. На долниот кат, се наоѓа кујната, со капацитет за подготовка на повеќе од 600 оброци дневно, додека горното ниво ќе се користи како магацински простор. Покрај потребите на детската градинка, со пуштање во употреба на оваа централна кујна ќе се обезбедуваат оброци и за основните училишта во општината коишто имаат продолжен дневен престој.

Со реализацијата на овој проект се создаваат услови и за проширување на капацитетот на градинката, бидејќи постојната кујна ќе биде пренаменета во две нови занимални. На тој начин ќе се овозможи згрижување на дополнителни 50 деца, со што вкупниот капацитет на градинката ќе достигне 650 дечиња.

## НОВА ОПРЕМА ВО ДЕТСКАТА ГРАДИНКА

● Во насока на подобрување на условите за престој на дечињата во градинката, како и за вработените извршено е преградување на салата за свечености со ПВЦ врати, како и промена на вратите од занималните.

Истовремено обезбедени се дидактички материјали и играчки за децата од двата објекта, и е набавена нова опрема со која се обезбедува уште подобра исхрана за децата од градинката и целодневниот престој.





## ОДБЕЛЕЖАНИ СЕ 153 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ И ПАТРОНИОТ ПРАЗНИК НА ГРАДИНКАТА

● По повод одбележувањето на 153 години од раѓањето на Гоце Делчев, како и патрониот празник на детската градинка „Гоце Делчев“ во дворот на централниот објект беше положено цвеќе пред бистата на патронот. Пред повеќе гости одбележувањето продолжи со приредба во која дечињата низ песна и игра се потрудија достојно да го одбележат патрониот празник и да ја искажат љубовта кон татковината.

## ИНФРАСТРУКТУРА

# ПОДОБРУВАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА

Изградбата, реконструкцијата, рехабилитацијата и санацијата на општинските улици и патишта, како и подобрувањето на инфраструктурата во локалните економски зони е еден од приоритетите на локалната самоуправа. Интензивните инвестиции во квалитетна патна инфраструктура придонесуваат за одржлив локален економски и социјален развој и поквалитетен живот на граѓаните во сите 12 населени места.

Во текот на 2025 година изградени, реконструирани, рехабилитирани и санирани се 64 улици, тротоари и пешачки патеки во вкупна должина од 14.004 метри, со површина од 53.961 (m²).

**Изградени улици, патишта, пешачки и велосипедски патеки**

| Година | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Должина (м) | 15.628 | 12.744 | 10.371 | 14.004 | **52.747** |
| Површина (м²) | 70.326 | 57.348 | 48.396 | 53.961 | **230.031** |



## ЦЕЛОСНО РЕКОНСТРУИРАНА УЛИЦА „2“ ВО НАСЕЛБА ИЛИНДЕН

Целосно е асфалтирана улица „2“ во должина од 550 метри и широчина од 6,5 метри, со што се реализираше реконструкцијата на главниот влез на општината и истовремено најфреквентен сообраќаен патен правец во населба Илинден. Со активностите беше опфатено целосно вадење на стариот асфалт, реконструкција на најоштетените делови од делницата, санација на споевите на улицата и надвозникот, како и вградување на нова асфалтна површина.



## КОМПЛЕТНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕЛ ОД УЛИЦА „8“ ВО НАСЕЛБА ИЛИНДЕН

Извршена е комплетна реконструкција на дел од улица „8“ во населба Илинден, во вкупна должина од 1.000 метри. Покрај асфалтирањето се изгради и нов тротоар во должина од 1.000 метри, систем за зафаќање на атмосферските води од коловозот, како и изградба на делови од фекална канализација за зафаќање и одведување на фекалните води од домаќинствата во главниот колекторски систем.

# ОПШТИНАТА ЈА ПОСЕТИЈА ПРЕМИЕРОТ ХРИСТИЈАН МИЦКОСКИ И МИНИСТЕРОТ ЗЛАТКО ПЕРИНСКИ



● По повод активностите од проектите финансирани од Владата на Република Македонија, Општина Илинден ја посетија премиерот Христијан Мицкоски и министерот за локална самоуправа, Златко Перински.

Притоа, заедно со градоначалникот Александар Георгиевски извршија увид на градежните работи на улица „19“ во должина од 550 метри со тротоар од 1,5 метри и широчина на коловоз од 6 метри, како и дел од улица „20“ во должина од 350 метри со тротоар од 1,5 метри и широчина на коловоз од 6 метри во населба Јака.

Со проектите од Владата се опфатени и изградба на нов мост и сервисна улица во населба Јака, изградба на фекална канализација во населено место Кадино, како и реконструкција на локалниот пат Бујковци-Мршевци. Средствата за реализација на овие проекти се 70% од Владата, а 30% од Буџетот на Општината.





# АСФАЛТИРАНИ СЕ УЛИЦИТЕ „119“ И „120“ ВО НАСЕЛБА ЈАКА

● Асфалтирана е улица „119“ во населба Јака со вкупна должина од 550 метри, тротоар од 1,5 метри и широчина на коловоз од 6 метри, како и изградба на систем за зафаќање на атмосферските води од коловозот.

● Во населбата Јака комплетно е асфалтирана улицата „120“ со вкупна должина од 350 метри и тротоар од 1,5 метри и широчина на коловоз од 6 метри. Изградбата на улиците „119“ и „120“ се од големо значење за жителите од овој дел на Општината, а се дел од проектите што ги финансира Владата.

# АСФАЛТИРАНА УЛ. „30“ ВО НАСЕЛБА ИЛИНДЕН

● Извршена е комплетна реконструкција и асфалтирање на улицата „30“ во населбата Илинден, во месноста викана Плац во должина од 600 метри и широчина од четири метри, којашто доби сосема нов и современ изглед. Реконструкцијата на оваа улица беше неопходна поради оштетувањата настанати за време на изградбата на примарната мрежа на фекална канализација, како и поради тоа што има особено значење за жителите од овој дел на општината, но и за непречено одвивање на сообраќајот на сите граѓани.



# ВЛАДАТА ФИНАНСИРА ПЕТ НОВИ КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ ВО ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Со одлука на Владата на Република Македонија, во Општината ќе се реализираат пет нови капитални проекти, што се дел од објавениот втор јавен повик и истите се однесуваат на следните активности:

- Реконструкција на коловоз на улица „9“ во населба Илинден;
- Изградба на сервисна улица „3“ во Јака;
- Изградба на сервисна улица „11“ во Јака;
- Реконструкција на локалниот пат Мршевци – Дељадровци;
- Доградба на „ООУ Гоце Делчев“ во населба Илинден

Станува збор за капитални проекти коишто се дел од програмата за работа на Општината, а истовремено предложени од граѓаните како приоритетни за нивна имплементација, а за кои во изминатиот период Општината изготви целосна техничко – проектна докумантација.



# РЕКОНСТРУИРАН ЛОКАЛНИОТ ПАТ БУЈКОВЦИ – МРШЕВЦИ

Реализирана е комплетна реконструкција на локалниот пат што ги поврзува населените места Бујковци и Мршевци, во должина од 1.100 метри. Притоа, извршено е целосно санирање на постоечката асфалтна површина со поставување на нов асфалтен слој. По повеќе години конечно се реконструира овој локален пат, кој е од исклучителна важност за повеќе населени места од општината. Покрај асфалтирањето се постави и ново ЛЕД улично осветлување во должина од над 400 метри, како и целосна хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација согласно сообраќајниот проект.

## УЛИЦИ И ПАТИШТА

- Санација на улица „6“ крак 1 во Миладиновци, во должина од 220 метри;
- Санација на крак 1 на улица „500“ во Марино, во должина од 110 метри;
- Санација на крак на улица „22“ во населба Илинден, во должина од 30 метри;
- Санација на крак на улица „5“ во Кадино, во должина од 50 метри;
- Санација на крак на улицата зад млинот во Мршевци, во должина од 170 метри;
- Санација на крак на улица „4“ во Ајватовци, во должина од 40 метри;
- Санација на улица зад игралиштето во Бунарџик, во должина од 100 метри;
- Санација на крак на улица „19“ во населба Илинден, во должина од 30 метри;
- Санација на крак на улица „2“ во Мралино, во должина од 30 метри;
- Санација на крак на улица „10“ во Миладиновци, во должина од 250 метри;
- Санација на крак на улица „2“ во Мралино, во должина од 30 метри;
- Санација на улицата зад црквата во Мралино, во должина од 100 метри;
- Санација на крак на улица „7“ во Мралино, во должина од 150 метри;
- Санација на дел од улицата кон гробиштата во Мралино, во должина од 150 метри;
- Санација на дел од улица „4“ во Мралино, во должина од 150 метри;
- Санација на дел од улица „1“ во Мралино, во должина од 70 метри;
- Изградба на дел од улица „120“ во УП за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино, блок 32, во должина од 322 метри;
- Санација на улицата зад игралиштето во Бунарџик, во должина од 140 метри;
- Санација на улица „1“ во Пуста кула, должина од 90 метри;
- Санација на крак 12 на улица „500“ во Марино, во должина од 90 метри;
- Санација на крак на улица во Ајватовци, во должина од 150 метри;
- Санација на улицата до крстот во Дељадровци, во должина од 300 метри;
- Санација на дел од улица „6“ во Кадино, во должина од 70 метри;
- Асфалтирање на делот околу новиот Здравствен дом во населба Илинден, во должина од 140 метри;

- Санација на крак на улица „8“ во населба Илинден , во должина од 70 метри;
- Изградба на дел од улица „114“ во Јака, во должина од 150 метри;
- Санација на улица „110“ во Јака, во должина од 70 метри;
- Изградба на дел од улица „6“ во Кадино, во должина од 80 метри;
- Санација на крак 3 во населба Илинден, во должина од 60 метри;
- Санација на крак на улица „500“, во должина од 70 метри;
- Санација на крак меѓу улиците „19“ и „116“ во Јака, во должина од 70 метри;
- Реконструкција на улица „15“ во населба Илинден, во должина од 280 метри;
- Асфалтирање на дел од улица „10“ во Стопански комплекс Илинден, во должина од 160 метри;
- Изградба на дел од улица „9“ и дел од улица „16“ во Стопански комплекс Илинден, во должина од 360 метри;
- Изградба на улица „101“ во Јака, во должина од 220 метри;
- Санација на дел од улица „7“ во Миладиновци, во должина од 110 метри;
- Санација на крак на улица „12“ во населба Илинден, во должина од 70 метри;
- Санација на крак на улица „15“ во населба Илинден, во должина од 80 метри;
- Санација на крак на улица „11“ во Кадино, во должина од 60 метри;
- Санација на крак на улица „1“ во Бучинци, во должина од 70 метри;
- Санација на улица „4“ во населба во Илинден, во должина од 70 метри;
- Санација на улица „4“ во населба Илинден, во должина од 70 метри;
- Санација на улица „540“ во Марино, во должина од 250 метри;
- Санација на улица „400“ во Марино, во должина од 300 метри;
- Санација на крак 1 на улица „500“ во Марино, во должина од 80 метри;
- Санација на крак 4 на улица „500“ во Марино, во должина од 80 метри;
- Санација на крак 5 на улица „500“ во Марино, во должина од 70 метри;
- Санација на крак на улица „8“ во населба Илинден, во должина од 150 метри;
- Санација на крак на улицата до игралиштето во Бунарџик, во должина од 90 метри;
- Санација на крак на улица во Дељадровци, во должина од 50 метри;
- Санација на крак на улица „30“ во населба Илинден, во должина од 50 метри

## ТРОТОАРИ

- Реконструкција на тротоарот на локалниот пат Кадино-Мралино, во должина од 450 метри;
- Изградба на тротоар на дел од улица 120 во УП за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино блок 32, во должина од 322 метри;
- Изградба на тротоар на улица „19“ во Јака, во должина од 520 метри;
- Изградба на тротоар на улица „2“ во населба Илинден, во должина од 230 метри;
- Изградба на тротоар на улица „101“ во Јака, во должина од 220 метри;
- Изграден е нов тротоар на улица „8“ во населба Илинден, во вкупна должина од 1000 метри.

## САНИРАН И АСФАЛТИРАН ЛОКАЛНИОТ ПАТ ВО МИЛАДИНОВЦИ

- Извршена е целосна санација и асфалтирање на локалниот пристапен пат до гробиштата во населено место Миладиновци во вкупна должина од околу 700 метри, како и изградба на паркинг за возила. Асфалтирањето на овој локален пат е реализација на едно од барањата на граѓаните од населено место Миладиновци.



## АСФАЛТИРАН ЛОКАЛНИОТ ПАТ ВО БУЧИНЦИ ШТО ВОДИ ДО ЛОКАЛНИТЕ ГРОБИШТА

- Извршена е целосна реконструкција и асфалтирање на локалниот пат во населеното место Бучинци којшто води до локалните гробишта, во должина од 520 метри.



## ИЗГРАДБА НА УЛИЦА „103“ ВО ЈАКА

● Во тек се градежни работи за изградба на улица „103“ во населба Јака, во вкупна должина од 512 метри, тротоари од двете страни на улицата од 1,5 метри и широчина на коловоз од 6 метри, како и систем за зафаќање на атмосферските води од коловозот.





## УРЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПРОСТОР И ПОСТАВУВАЊЕ НОВА УРБАНА ОПРЕМА

● На повеќе локации во сите населени места поставена е нова урбана опрема со цел разубавување на просторот и создавање поквалитетни услови за одмор и рекреација на жителите.

Во населеното место Марино е изградена нова автобуска постојка, додека околу спортското игралиште во Кадино старата заштитна ограда е заменета со нова бигована мрежа. Во Бујковци е поставена нова кошаркарска табла, а во Дељадровци е набавена и монтирана нова детска лизгалка во рамки на постојното детско игралиште. Исто така, во населеното место Ајватовци е поставен метален столб со кошаркарска табла и обрач.



## ИЗГРАДБА НА НОВ МОСТ И СЕРВИСНА УЛИЦА „500“ ВО МАРИНО

● Се реализира еден од капиталните инфраструктурни проекти во Општината – изградба на нов плочест мост и сервисна улица „500“ во Марино.

Проектот предвидува изградба на мост со коловоз широк 6 метри и тротоари од по 1,5 метар од двете страни, со што ќе се обезбеди безбедно и непречено движење на пешаците и возилата. Покрај мостот, ќе се гради и нова сервисна улица во должина од 260 метри, со коловоз широк 5,5 метри и тротоари на двете страни. Дополнително, проектот опфаќа и изградба на систем за собирање и одведување на фекални отпадни води, односно поставување фекална канализација за објектите што гравитираат кон оваа улица.

Со изградбата на новиот мост и улицата ќе се изврши спојување на веќе изградената улица „119“ во населбата Јака, со што оваа населба со над 330 домаќинства ќе се поврзе со централниот дел на Општината.

## ПОСТАВЕНА НОВА ХОРИЗОНТАЛНА И ВЕРТИКАЛНА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА

● Во рамките на Програмата за одржување на патната инфраструктура поставена е нова хоризонтална сообраќајна сигнализација на повеќе локации низ општината во вкупна должина од 25 километри. Извршено е обележување на 35 пешачки премини, поставени се 45 сообраќајни знаци, десет сферни огледала, како и 30 пластични маркери.



## ВКУПНО 64 ГРАЃАНИ ДОБИЈА СУБВЕНЦИИ ЗА КУПЕН ВЕЛОСИПЕД

● Во рамките на Програмата за финансиска поддршка на целни групи граѓани за 2025 година, вкупно 64 граѓани добија субвенции за купен велосипед. Мерката за субвенционирање на купување на велосипеди има за цел да се стимулираат жителите почесто да ги користат велосипедите и велосипедските патеки, со што ќе се придонесе за поздрава и почиста животна средина и здрави навики на живеење.





## СУБВЕНЦИИ ЗА ИНВЕРТЕР КЛИМИ

● Еднократна парична помош за купување инвертер клими или соларни панели добија 59 домаќинства коишто имаа поднесено барање за добивање ваква помош. Целта на доделувањето на субвенции е да се стимулираат домаќинствата за употреба на високоефикасни инвертер клима уреди за затоплување или ладење на своите домови, кои се поекономични, енергетски поефикасни и еколошки прифатливи за околината.

## ПОДДРШКА ЗА МЛАДИТЕ ПРЕТПРИЕМАЧИ

● Секоја година се доделува еднократна финансиска помош од 6.000 денари за младите претприемачи со навршени најмногу 34 години, коишто регистрирале трговско друштво согласно законот во Централен регистар за трговски друштва и други правни лица со седиште на територијата на Општината.

## ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА СПОРТИСТИТЕ

● Со цел да се поддржат и наградат спортистите кои оствариле големи успеси во делот на спортот, како и да се стимулираат останатите за постигнување големи победи на спортските натпревари, Општината додели еднократна финансиска поддршка на 20 спортисти коишто се нејзини жители.

● **Доделени се 110 решенија за еднократна парична помош во висина од 5.000 денари за новороденче.**

### ЛЕГАЛИЗАЦИЈА

● Од стапувањето на сила на Законот за постапување со бесправно изградени објекти од 2011 година, земајќи ги предвид и продолжените законски рокови за поднесување барања во 2015, 2016 и 2018 година поднесени се вкупно 7.116 барања за легализација на бесправно изградени објекти, од кои решени се 4.001 предмети, поднесени барања без геодетски елаборат (некомплетни) се 1.930 предмети, а 1.185 комплетирани предмети се во постапка на решавање.

### СОВЕТ

● Советот одржа 13 редовни седници, при што се донесени 150 акти

### ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

● Во општинската администрација вкупно вработени се 35 лица. Од нив 31 лица на неопределено време и четири лица по договор на дело

### ОДОБРЕНИЈА ЗА ГРАДБА

● Издадени се 117 одобренија за градба

### ЈАВНИ НАБАВКИ

● Согласно Годишниот план за јавни набавки и Плановите за дополна на Годишниот план реализирани се вкупно74 јавни набавки



# ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

Континуирано се работеше на реализација на капиталниот проект, што како приоритет години наназад го посочуваа граѓаните-Изградба на систем за прифаќање, третман и одведување на отпадните фекални води од домаќинствата и од стопанските субјекти.

Изграден е канализациски систем во вкупна должина од 10.000 метри, при што се поставени четири препумпни уреди и 250 шахти. Во тек е изградба и на петти препумпен уред.

Инвестирањето во комуналната инфраструктура е од исклучителна важност за локалниот економски развој, како и унапредувањето и заштитата на животната средина со што се овозможува подобрување на квалитетот на живеењето во Општината.



## ИЗГРАДЕН И ПРЕДАДЕН ВО УПОТРЕБА Е СИСТЕМОТ ЗА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО МЕСНОСТА ПЛАЦ, ВО НАСЕЛБА ИЛИНДЕН

Изградена и предадена во употреба е фекална канализација во месноста викана Плац, најнискиот и најкритичниот дел од населба Илинден.

Со градежните активности беше опфатена канализациска линија во вкупна должина од 3.582 метри, се изградија и два препумпни уреда, а овој колекторски систем се спои со потисен цевковод со веќе изградениот колекторски систем Илинден-Марино којшто е во должина од пет километри. Фекалните води од овој систем којшто го зафаќа влезот на населба Илинден ќе бидат одведени до излезот на Марино каде што истите ќе се насочат кон пречистителната станица што ќе се гради во наредниот период.

# КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА 100 ДОМАЌИНСТВА ВО КАДИНО



● Изградена е примарна мрежа на фекална канализација со припадни краци за дел од населеното место Кадино, односно делови од улиците „1“, „2“ и „3“, во вкупна должина од околу 980 метри. Оваа мрежа на фекална канализација преку препумпен уред и потисен цевковод се поврзува со веќе изградената пречистителна станица во Кадино и опфаќа околу 100 домаќинства кои немаат фекална канализација, а се наоѓаат во еден од најниските предели во овој дел од општината. Истовремено на крак К4 изградени се 2.170 метри примарна канализациска мрежа и поставени се 50 шахти.

# ИЗГОТВЕНА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА ДЕЛ ОД МИЛАДИНОВЦИ



● Во Домот на култура во Миладиновци презентирана е подготвената техничка документација за изградба на фекална канализација за дел од ова населено место.

Со овој проект е опфатено комплетна изградба на фекална канализација со приклучок до секое домаќинство, односно граѓаните да бидат поврзани со мрежа до своите домови. Станува збор за мрежа во должина од 4.500 метри, распределена на три краци и еден препумпен уред со што се опфаќаат повеќе од 500 домаќинства.

# ВО УПОТРЕБА Е ПУШТЕНА ПУМПНА СТАНИЦА И СПОЈ НА КОЛЕКТОРСКИОТ СИСТЕМ ИЛИНДЕН-МАРИНО



● Во употреба е пуштена пумпна станица и спој на колекторскиот систем за Илинден и Марино. Поврзувањето се изврши на претходно изградениот лев и десен колектор за фекална канализација којшто е во вкупна должина од 10 километри и минува по должината на Главниот отворен одводен канал од влезот на населба Илинден до излезот на Марино. Спојот на двата колектори е извршен со изведување на градежни работи под нивото на отворениот одводен канал што претставуваше специфичен и тежок зафат за работа со што отпадните фекални води од двата колектора се зафатија во еден препумпен уред и истите со потисен цевковод се изнесоа надвор од населените места кон делот каде што ќе се гради нова пречистителна станица.

ИЛИНДЕН **СВЕТЛА** ОПШТИНА



# ПОСТАВЕНИ СЕ НОВИ ЛИНИИ НА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ДОЛЖИНА ОД 6.410 МЕТРИ

● Во рамки на проектот „Илинден – Светла Општина“,со цел создавање на побезбедна и поквалитетна средина за живеење на сите граѓани поставени се нови линии за улично осветлување во вкупна должина од 6.410 метри, при што се поставени 150 лед светилки, и 117 столбови. Меѓу другото, комплетно е осветлен патниот правец Илинден – Пуста Кула во должина од 1.200 метри, улиците „119“, „120“ и дел од улица „106“ во Јака во должина од околу 1.000 метри, како и, патот кон манастирот „Св. Ѓорѓија“ Дељадровци во должина од околу 1.100 метри.

На крак на улица „9“ во Кадино поставено е осветлување во должина од 70 метри, на крак на ул. „1“ во Ајватовци во должина од 150 метри, на крак на ул. „1“ и пред училиштето во Бунарџик поставено е осветлување во должина од 230 метри, а на крак на улица „2“ во Мралино во должина од 50 метри.

Улично осветлување добива и патниот правец Бујковци – Мршевци, со поставени нови канделабри со ЛЕД осветлување во должина од околу 400 метри.

# НАДГРАДБА НА ПУМПНАТА СТАНИЦА ОКТА ВО ЈУРУМЛЕРИ

● Извршена е целосна реконструкција и надградба на пумпниот систем во пумпната станица ОКТА во Јурумлери, која што обезбедува водоснабдување за населените места Миладиновци, Бујковци, Текија, Дељадровци и Рафинерија ОКТА. Со реализацијата на овој поект се зголемува ефикасноста на системот и се намалуваат енергетските трошоци, со што се обезбедува стабилно и одржливо водоснабдување за сите корисници. Во рамките на проектот беше инсталирана пумпа со моќност од 135 kw за собирниот колектор, а постојните бунарски пумпи со моќност од 15 kw се заменети со нови, енергетски поефикасни пумпи од 11 kw, со работна ефикасност од 81%.



## ПОКВАЛИТЕТНО ВОДОСНАБДУВАЊЕ

**● Со цел поквалитетни услуги, побезбедна и поздрава вода за пиење на граѓаните, како и зголемување на капацитетот на водоснабдувањето, поставена е нова водоводна мрежа во должина од 1.505 метри.**

## ОБЕЗБЕДЕНО НОВО СПЕЦИЈАЛНО КОМУНАЛНО ВОЗИЛО – ПОДИГНУВАЧ НА КОНТЕЈНЕРИ СО КАПАЦИТЕТ ОД 5.5 м$^3$

● Во насока на подобрување на квалитетот на услугите што ги извршува ЈКП „Илинден“ набавено е ново специјално комунално возилно – подигнувач на контејнери со капацитет од 5.5 м$^3$. Ова е шесто комунално возило набавено во изминатиот период заедно со градежна машина, багер.





## НАБАВЕНА Е РАБОТНА МАШИНА ЗА КОСЕЊЕ И КАСТРЕЊЕ ВЕГЕТАЦИЈА

● За поквалитетно одржување на јавната чистота и одржување на јавните зелени површини набавена е работна машина, трактор со приклучна механицација, телескопска рака за косење и кастрење вегетација (мулчер).

## ЗА ПРВПАТ НАБАВЕНА Е ЦИСТЕРНА ЗА ПЕРЕЊЕ НА УЛИЦИ И ДОСТАВА НА ПИВКА ВОДА

● За прв пат во Општината е набавена нова цистерна за достава на пивка вода, со капацитет од 7 м$^3$. Возилото ќе се користи за различни намени, вклучувајќи достава на пивка вода, полевање на садници, перење на улици и јавни површини. Со ова за првпат се овозможува континуирано перење на главните улици низ општината, нова услуга која што досега ја немале граѓаните, а е од особена важност за подобрување на хигиената на јавните простори низ општината.






## НОВА ПРОТИВПОЖАРНА ОПРЕМА

● Со цел поефикасно и поквалитетно одржување на јавната чистота и одржување на јавните зелени површини, како и зголемување на безбедноста, набавена е нова противпожарна опрема за потребите на ЈКП „Илинден“. Обезбедени се 15 противпожарни метли и 10 грбни прскалки за гаснење пожари, како и нова опрема за одржување на јавната чистота: моторни косилки – тримери, моторна пила, бензинска косилка и моторна прскалка – дувалка.



## ДОНАЦИЈА НА СПЕЦИЈАЛНО ТЕРЕНСКО ВОЗИЛО

● Во Општина Илинден беше извршено примопредавањето на донацијата – специјално возило или работно АТВ, од страна на општествено одговорната компанија „Мото Илинден“. Станува збор за донација на теренско возило за планински делови, што се користи за одржување на ридско-планинските патеки, како и во ситуации при гаснење на пожар, односно на тешко достапни места каде што ќе има потреба при вонредни ситуации.

## ЕКОЛОГИЈА

# „ЗЕЛЕНА ОПШТИНА ИЛИНДЕН“

● Во континуитет се реализираше акцијата за пошумување во рамките на проектот „Зелена Општина Илинден“, која што има за цел преку засадување на што е можно повеќе дрвја во урбаните делови на општината да придонесе за подобрување на квалитетот на воздухот, унапредување на животната средина, како и подобрување на условите за живеење.

Во рамките на акцијата засадени се околу 750 садници на различни локации низ општината покрај пешачко-велосипедските патеки, улици, патишта, училиштата, детската градинка, спортските терени, како и пределот во Мршевци



којшто беше зафатен од пожарите во текот на летниот период.

Благодарност до компаниите ТАВ, Дени Интернационал, Интер-Оил, Адора, Белина, Јоки 10, Пекабеско, МАН и Елмед за нивниот придонес и донацијата на садниците, со што ја потврдија својата посветеност кон заштитата на животната средина.



# ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД 2025

● Градоначалникот заедно со општинската администрација, јавните комунални претпријатија, училиштата и граѓаните и годинава се вклучија во големата еколошка акција „Генералка викенд“. Акцијата која е во организација на „Мен енд маунтен“ се спроведува со поддршка на Пивара Скопје, Пакомак и Нула Отпад, а главната цел е да се подигне еколошката свест на граѓаните за почиста и поздрава животна средина. Во текот на акцијата беа собрани околу 30 м$^3$ отпад.

# ИЗВРШЕНА ДЕРАТИЗАЦИЈА, ДЕЗИНСЕКЦИЈА И ДЕЗИНФЕКЦИЈА

● Како дел од „Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести“, извршена е редовна пролетна и есенска дератизација за уништување на глодари на 1.073 шахти. Истовремено се изврши и дезинфекција на јавни објекти на површина од 3.300 м$^2$, меѓу кои е општинската зграда, како и домовите на култура. Беше извршена ларвицидна дезинсекција за уништување на возрасни форми на комарци на површина од 300 хектари, како и ларвицидна дезинсекција за уништување на ларви од комарци на површина од 50 хектари. Со третирањето се опфатени сите водни површини на отворените одводни канали (главни, секундарни и терцијални), речното корито на Сува Река и вештачката акумулација во Бучинци.

# ЧИСТЕЊЕ НА КАНАЛСКАТА МРЕЖА

● Во соработка со АД Водостопанство „Скопско Поле“, во насока на обезбедување на проточност на каналската мрежа исчистени се околу 34.000 метри отворени одводни канали што се наоѓаат на територија на Општината.

Редовното одржување на каналската мрежа овозможува непречен проток на атмосферските води, превенција од појава на поплави и зачувување на чиста и здрава животна средина.



● Собрани и транспортирани во „Дрисла“ се 7.020 тони комунален отпад. Притоа, собрани се 1.760 тони растителен отпад, околу 26 тони стакло, околу 2.300 килограми пет, пластика и најлон, 1.940 килограми хартија и картон, како и 730 килограми електронски отпад.

● Спроведена е акција за испитување на квалитетот на обработливата почва од 20 локации од целото подрачје на општината во сите населени места со цел унапредување на земјоделието.

# ЗАЛОВУВАЊЕ НА БЕЗДОМНИ КУЧИЊА

● Во рамките на Законот за заштита и благосостојба на животните, континуирано се работеше на решавање на проблемот со бездомни и нерегистрирани кучиња, при што посебно се водеше сметка за дворните површини на училиштата, детските градинки, јавните објекти и други фреквентни места. Притоа, заловени се 34 бездомни нерегистрирани кучиња.

## ГОСТИ ОД СРПСКАТА ОПШТИНА ЌУПРИЈА ЈА ПОСЕТИЈА ОПШТИНАТА



● Во посета на Општината престојуваа претставници од српската општина Ќуприја, и од основното училиште „Ѓура Јакшиќ“.

Средбата беше организирана во рамки на иницијативата за обновување на долгогодишната соработка меѓу училиштето „Браќа Миладиновци“ од општина Илинден и основното училиште „Ѓура Јакшиќ“ од општина Ќуприја. На состанокот се разговараше за унапредување на соработката во повеќе области, со акцент на образованието, спортот и културата. Целта е преку заеднички активности и проекти да се овозможи размена на искуства меѓу учениците и наставниот кадар, како и создавање нови пријателства и заеднички иницијативи.

## СОРАБОТКА СО ДЕМОКРАТСКАТА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО СРБИЈА

● Градоначалникот Александар Георгиевски оствари средба со секретарот на Демократската партија на Македонците во Србија, Александар Божиновски, кој како претставник на локалната самоуправа на Врање, ја посети Општината. На средбата се разговараше за потенцијалната соработка меѓу општините Илинден и Врање, како и за сите можности и идни проекти во интерес на двете локални самоуправи, поради што беше потпишан и меморандум за меѓународна соработка со којшто се воспоставува одржливо и успешно партнерство, уважувајќи ги територијалната, историска, културна и национална блискост на граѓаните на двете подрачја.

## ПРИЗНАНИЕ ЗА НАЈВОЗРАСНИОТ БЕРБЕР ВО ОПШТИНАТА

● Градоначалникот Александар Георгиевски, со доделување посебна плакета, му оддаде признание на највозрасниот бербер во општината, Цане Стојменовски, кој веќе 60 години се занимава со оваа професија. Стојменовски има 80 години и сѐ уште работи во својот берберски дуќан што со години се наоѓа во Марино.

## СРЕДБА СО ЗАМЕНИК МИНИСТЕРКАТА ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА ВИКТОРИЈА ТРАЈКОВ

● Градоначалникот оствари работна средба со заменик министерката за европски прашања Викторија Трајков, и директорот на АФПЗР, Илија Стоилев. На средбата се разговараше за поддршката на европските фондови, преку ИПАРД програмите, капацитетите и потребите на општината за поголемо искористување на тие средства.



## ПОСТАВЕН КАМЕН ТЕМЕЛНИК ЗА НОВА ФАБРИКА НА ЧАГАТАЈ КАБЛО

● Градоначалникот Александар Георгиевски, заедно со премиерот Христијан Мицкоски и директорот на ТИРЗ, Гоце Димовски присуствуваше на поставувањето камен темелник за нова фабрика на Чагатај Кабло, водечки производител на кабли и електрична опрема, во Технолошко-индустриската зона Скопје. Новата инвестиција која што е во вредност од 6 милиони евра ќе создаде 200 нови работни места.



## ГОСТИН НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ БЕШЕ МАЛИОТ ЛУКА ЈОВАНОВСКИ

● Малиот Лука Јовановски беше специјален гостин на градоначалникот. Лука е дете од девет години кое има попреченост со својот вид, но има голема љубов кон музиката и музичките инструменти. Тој свири на тапани, хармоника и синтисајзер, чита и пишува на брајово писмо и има голема желба да се запознава со јавни личности.

# КОНТИНУИРАНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО



**● Во насока на обезбедување современи и поквалитетни услови за настава и создавање стимулативна средина за учениците и наставниот кадар континуирано се инвестираше во опрема во трите основни и средното училиште „Илинден“**

Училниците се опремени со потребните столчиња, клупи и смарт табли. Реновирани се санитарните јазли и варосани се просториите каде што постоеше потреба. Исто така, за учениците со попреченост достапни се пристапни рампи, прилагодени тоалети, а во СОСУ „Илинден“ достапен е и лифт-дизало за полесен пристап до сите простории.

На стартот на новата учебна година основните училишта на територија на Општината, како и во средното општинско стручно училиште „Илинден“ ги отворија вратите за над 1900 ученици. Меѓу нив, во училишните клупи за прв пат седнаа над 150 првачиња, а во прва година во СОСУ „Илинден“ се запишаа 74 ученици.

На првиот училишен ден во новата учебна година градоначалникот Александар Георгиевски ги посети учениците во сите училишта, каде што беа организирани свечени приредби, а на сите првачиња им подели училишни ранци со прибор, посакувајќи им успешен и среќен почеток во образовниот процес и многу незаборавни моменти во училишните клупи.



## ПОДОБРУВАЊЕ НА ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС ВО ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“

● Со цел цел подобрување на квалитетот на часовите и подобрување на образовниот процес во ООУ „Гоце Делчев“, набавени се шест интерактивни (електрични) панели, извршена е целосна санација на подовите на горниот кат, извршена е целосна реконструкција на тоалетите. Исто така извршена е обнова и санација на училишната просторија, таканаречена медијатека, којашто се користи како просторија за медиумски клуб. Во надворешниот дел од училиштето извршено е хортикултурно уредување на просторот.

## НОВИ КЛУПИ, СТОЛЧИЊА, КЛИМИ И КОМПЈУТЕРИ ВО ООУ „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“

● Во ООУ Браќа Миладиновци набавени се: 27 школски клупи и столчиња за учениците од прво одделение, 20 школски клупи и 40 столчиња за ПОУ Текија, 34 таблети, 18 персонални и 4 лап-топ компјутери, 6 клима уреди за училниците, дувалка за лисја, косилка на бензин. Дополнително е извршено реновирање на влезот на училиштето и холот.

## ПУШТЕНИ ВО УПОТРЕБА СПОРТСКИТЕ ИГРАЛИШТА ВО ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“

● Со одржување на спортски натпревари во фудбал и кошарка беа пуштени во употреба игралиштата за фудбал, ракомет и кошарка во ООУ „Гоце Делчев“, коишто во изминатиот период беа целосно реконструирани.

Во рамки на реконструкцијата поставена е заштитна ограда и метални столбови за осветлување. На игралиштето за мал фудбал, ракомет и одбојка поставени се нови голови, вештачка трева, а на игралиштето за кошарка нови табли и обрачи за кош, додека подот е поплочен со гумирана подлога. Исто така во рамки на спортските терени поставени се клупи, корпи за отпадоци, просторот е партерно уреден, со што овие спортски игралишта добија комплетно нов лик.





## ОТКРИЕНА БИСТА НА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

● Во рамки на одбележувањето на годишнината од раѓањето на Гоце Делчев, во дворот на новото подрачно училиште во Илинден беше откриена бистата на патронот на училиштето.

## НОВО СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО ООУ „РИСТО КРЛЕ“ ВО КАДИНО

● Како дел од заложбите за подобрување на наставата по физичко образование и промоција на здрави навики меѓу младите, во дворот на ООУ „Ристо Крле“ во Кадино изградено е ново повеќенаменско спортско игралиште. Со ова учениците добиваат современи услови за реализација на часовите по физичко воспитување, но и простор за одржување на спортско-рекреативни активности. Во ООУ „Ристо Крле“ набавени се: 74 столчиња и 37 клупи, три принтери за централното и подрачните училишта, две клупи за чекална, ЛЦД телевизор - информатор за училишниот хол.



## ПРОДОЛЖЕН ПРЕСТОЈ И ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ПРВО ДО ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ И ВО ООУ „РИСТО КРЛЕ“




● Покрај ООУ „Гоце Делчев“, продолжен престој за учениците од прво до трето одделение за првпат се воведе и во ООУ „Ристо Крле“ во Кадино. Во таа насока, целосно се реновирани санитарните јазли и тоалетите наменети за учениците во продолжен престој, а уредена е и посебна просторија за чување на оброци.

Истовремено, комплетно се уредени три кабинети за предметна настава по математика, англиски јазик и музичко образование со нов училишен мебел, нагледни и дидактички средства, музички инструменти, како и три современи смарт табли.

Во подрачното училиште во Мралино, монтирана е нова комбинирана печка на пелети и цврсто гориво, со што значително се подобрува енергетската ефикасност и условите за престој во зимскиот период.

Во подрачното училиште, пак, во Бунарџик се адаптираше просторија за настава по физичко и здравствено образование, со подна татам подлога и нагледни средства.

## НАЈУСПЕШНИТЕ УЧЕНИЦИ НА ЛЕТЕН КАМП ВО ОХРИД

● Како награда за најуспешните ученици од општинските основни училишта и изминатото лето Општината го организираше традиционалниот училишен летен камп. Избраната група на талентирани млади оваа година уживаа во престојот во еден од најпознатите туристички центри во земјава – градот Охрид.



# ПРИЗНАНИЈА ЗА НАЈДОБРИТЕ УЧЕНИЦИ ОД ОПШТИНАТА



● Градоначалникот Александар Георгиевски приреди прием за учениците од општинските основни училишта коишто освоија високи места на државните натпревари и им додели признанија за постигнатите резултати.

На вкупно 20 тина ученици и нивните ментори и годинава им беа доделени признанија за постигнатиот успех, што претставува признание за трудот на наградените, но и мотив за останатите. Учениците беа наградени за високи достигнувања на државните натпревари по македонски јазик, англиски јазик, биологија, природни науки, како и на натпреварот по Информатичко размислување.



# ЗАВРШЕН НАСТАН ОД ЕРАЗМУС + ПРОГРАМАТА

● Се одржа завршниот настан на Еразмус + од проектот: „Зелени микроакредитиви“. Во рамки на проектот основната тема што се третираше на настанот беше „Зелените вештини во постсредното образование“ којшто го спојува она што е најважното, а тоа е образованието, економијата и екологијата.

Општина Илинден продолжува да вложува во модернизација на образованието и создавање услови во кои младите ќе можат да добијат применливи знаења и вештини.

# СВЕТСКИТЕ ШАМПИОНИ ОД БАЛЕТСКОТО СТУДИО „МАРБАЛ“ НА ПРИЕМ КАЈ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

● На прием кај градоначалникот, Александар Георгиевски, беа младите танчери од балетското студио „Марбал“, кои станаа светски шампиони на интернационален натпревар, под покровителство на Светската федерација за уметнички танц.

Градоначалникот Георгиевски им честиташе на децата и изрази голема гордост што токму младите таленти од Илинден се дел од светските звезди во уметничкиот танц.






# ОДБЕЛЕЖАНА ДЕТСКАТА НЕДЕЛА

● Под мотото „Детето денес – Иднината утре!“, најмладите ученици од основните училишта во општина Илинден ја прославија „Детската недела“ и станаа дел од Детската организација. На овој посебен ден, првачињата дадоа свечена заклетва, а нивните постари соученици им приредија културно-уметничка програма исполнета со пеење, глума, игра и заедничко другарување.

# ИНВЕСТИЦИИ ВО СРЕДНОТО ОПШТИНСКО СТРУЧНО УЧИЛИШТЕ „ИЛИНДЕН“

● Во СОСУ „Илинден“ продолжува инвестирањето во нова и напредна опрема од електротехничка струка за да се создаде иновативна и стимулативна средина за учење и стекнување на трајни и одржливи знаења и вештини.

**РОБОТСКА РАКА** Поставен е индустриски роботски систем со роботска рака што претставува напреден уред што може да извршува различни задачи со голема прецизност. Раката се користи за демонстрации на механизмите на движење кај најкомплексните роботи и за демонстрација на интегрирање на роботи во автоматизацијата на процесите.

**ПЛАТФОРМА** Поставена е платформа за лица коишто имаат проблем со мобилност. Платформата е иновативно решение што со подигнување и спуштање овозможува лесен и брз пристап до различни катови и простории во училиштето за лицата што имаат проблем со движењето.





## ИЗГРАДБА НА ПАРКИНГ ПРОСТОР

● Изграден е нов паркинг простор во рамки на Средното општинско стручно училиште „Илинден“. Со оваа инвестиција се овозможува паркинг простор на површина од приближно 550м², со капацитет за околу 30 возила, што ќе се користи за потребите на училиштето, со што се овозможуваат подобри услови за работа и поголема сообраќајна уреденост во непосредната околина.

## ЗАШТИТНА ОГРАДА

● Поставена е нова заштитна ограда околу спортскиот комплекс „Драго Маневски“. Оградата е во должина од околу 250 метри, со што значително се зголемува безбедноста на сите корисници на спортскиот простор.

## ХУМАНИТАРНА И ОБРАЗОВНА ПОДДРШКА ЗА УЧЕНИЦИТЕ И ЗДРУЖЕНИЈАТА

● Во пресрет на новогодишните и божиќните празници, градоначалникот Александар Георгиевски реализираше хуманитарна и образовна активност, при што на учениците на кои им е најпотребно им подари смарт таблети. Таблетите беа доделени на ученици од трите основни општински училишта, со цел да им се овозможат еднакви услови и непречено следење на наставниот процес на сите ученици. Во рамки на празничните активности, беа доделени и новогодишни пакетчиња за децата од Хуманитарното здружение на граѓани и лица со хендикеп „Илинден“. Дополнително, беше дониран и лаптоп за потребите на здружението.



## ПРВ РЕГИОНАЛЕН САЕМ ЗА ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ „ЕКСПО ИЛИНДЕН 2025“

● Во спортската сала „Гоце Делчев“, се одржа Првиот Регионален саем за економски развој „ЕКСПО ИЛИНДЕН 2025“, на кој учествуваа над 40 компании од областа на индустријата, градежништвото, земјоделството, туризмот, прехрамбената индустрија, услугите и новите технологии. Саемот што го отворија градоначалникот Александар Георгиевски и заменик министерот за економија, Марјан Ристески не беше само изложбен настан, туку вистинска можност за соработка, размена на знаење, искуства и идеи меѓу сите чинители коишто ја градат иднината на општината која што веќе е препознаена како економски стабилна и перспективна средина, со над 800 активни деловни субјекти и развиена индустриска зона.



## ДОНЕСЕН Е ЛОКАЛЕН ЕКОЛОШКИ АКЦИОНЕН ПЛАН-ЛЕАП 2025-2030

● Донесен е Стратешкиот документ ЛЕАП – Локален еколошки акциски план на Општината за периодот од 2025-2030 година. Изработката на овој документ е согласно законските обврски што произлегуваат од Законот за животна средина и согласно кои Општината е потребно да ги имплементира проект-ните активности во насока на подобрување на животната средина. Овој документ е значаен за заштита и унапредување на животната средина и природата преку дефинирање и спроведување на систем на мерки и акции за краткорочно, среднорочно и долгорочно планирање, утврдени со временска и финансиска рамка.

## ГРАЃАНИТЕ УЧЕСТВУВАА ВО КРЕИРАЊЕТО НА БУЏЕТОТ ЗА 2026 ГОДИНА

● Традиционално и годинава граѓаните имаа можност со свои идеи, предлози и забелешки за унапредување на условите за живот во општината да учествуваат во креирањето на Буџетот за 2026 година. Со заложбата за транспарентно, одговорно и отчетно работење во интерес на граѓаните Општината има за цел преку заедничко учество да се создадат поефикасни механизми за подобрување на локалните услуги и зголемување на довербата во локалната самоуправа. Собраните предлози се разгледани од стручните служби на локалната самоуправа, а оние што се финансиски и реално остварливи се вклучени во буџетските програми за 2026 година.



## ОПЕРАТИВНА АКЦИЈА ЗА ПОГОЛЕМА БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ

● На улиците низ општината беше спроведена заедничка оперативна акција за зголемување на безбедноста на учесниците во сообраќајот, во која покрај другите учествуваа градоначалникот Александар Георгиевски, министерот за внатрешни работи Панче Тошковски, директорот на Бирото за јавна безбедност, Александар Јанев, пратеничката Драгана Бојковска, директори, советници.

Целта на акцијата којашто беше поздравена од граѓаните е унапредување на свеста за безбедно учество во сообраќајот, со фокус на возачите на мотоцикли, скутери и електрични тротинети. Како што информираа градоначалникот и министерот, најголем број прекршоци се регистрирани кај млади лица кои управуваат со овие превозни средства без заштитна опрема, пред сè без заштитна кацига.



## СЕДНИЦА НА ШТАБОТ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

● Се одржа четвртата седница на Штабот за заштита и спасување на општина Илинден со која раководеше командантот, градоначалникот Александар Георгиевски. Покрај членовите од Штабот присуствуваа и претставници од јавните претпријатија од Општината, како и претставници од ОКТА, Макпетрол, ТАВ, ПО Петровец, од Општинскиот противпожарен сојуз на Илинден, како и АД Водостопанство. На седницата главен акцент беше ставен на состојбата со високите температури, со цел преземање на превентивни мерки за заштита од евентуални пожари на територија на Општината.

## ПОМОШ ЗА НАСТРАДАНИТЕ ВО ПОЖАРОТ ВО КОЧАНИ

● Како мал гест на солидарност којшто има за цел да им помогне на семејствата, донирани се 500.000 денари финансиска помош за настраданите во пожарот во Кочани.

## ИЗНАЈМУВАЊЕ ЕЛЕКТРИЧНИ АВТОМОБИЛИ

● За прв пат граѓаните на општина Илинден имаат можност да изнајмуваат електрични автомобили за своите потреби. За таа цел градоначалникот Александар Георгиевски и директорот на Авант Кар, Мартин Милевски потпишаа Меморандум за соработка преку кој се овозможува на територија на општина Илинден воведување и имплементација на Систем за дистрибуција на автомобили со 100% електрична енергија. Поставени на три локации на територија на општината, односно на паркингот кај Домот на култура „Илинден“, на паркингот кај спортската сала „Гоце Делчев“ и на паркинг просторот кај спортско рекреативниот центар во Марино, граѓаните преку инсталирање на апликација на својот мобилен уред ќе можат да го користат електричниот автомобил. На истите локации каде што се наоѓаат автомобилите ќе бидат поставени и електрични полначи за истите. Автомобилите се под името на брендот Авант „Авант2ГО“.




## КРВОДАРИТЕЛСКИ АКЦИИ

● Во неколку крводарителски акции што се реализираа во Домот на култура „Илинден“, во соработка со Црвениот крст и Институтот за трансфузиона медицина, граѓаните уште еднаш ја покажаа својата хуманост, солидарност и посветеност кон спасување на човечките животи со дарување на крв. Општината изразува длабока благодарност до сите доброволци што ги поддржаа овие акции и помогнаа да се оствари мисијата за градење на една солидарна и хумана заедница.



## МОНОГРАФИЈА ЗА НАСЕЛБА ИЛИНДЕН

**● Промовирана е Монографија за населба Илинден, второ дополнето издание. Монографијата е дел на долгогодишните истражувања, собирања на податоци, информации, фотографии, усни преданија од страна на иницијаторот на ова дело Драги Ангеловски и проф. д-р. Ѓорѓи Малковски.**

**● Одржана е редовна седница на Локалниот Совет за превенција со претставници од надлежни институции, а во рамки на подобрување на јавната безбедност на територија на Општина Илинден.**



## „ПОДАЈ РАКА -ХУМАНА ОПШТИНА ИЛИНДЕН“

● По повод големиот христијански празник Велигден во соработка со Црвениот крст и бизнис заедницата се реализираше хуманитарната акција за донација на храна и хигиенски производи, наменети за социјално загрозената категорија на граѓани на територија на Општината. Притоа, беа собрани околу 200 хуманитарни пакети со храна и хигиенски производи донирани од компаниите. Општината искажува голема благодарност за активното учество во оваа голема хуманитарна акција до компаниите ТАВ Македонија, БД Интер Кар, Гранд Слот, Дени Интернационал, Интер – ОИЛ, Џонсон Мети, Пекабеско, СИГО, Компанија Атанасовски, Компанија Петковски, Рио кафе, Мултипром.

## „ПОМОШ И НЕГА ВО ДОМОТ“ ЗА СТАРИ ЛИЦА И ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

● Во партнерство со Здружението „Моето гнездо“, во рамки на Третиот јавен повик за развој на социјални услуги, почна со реализација нова социјална услуга „Помош и нега во домот“. Услугата е наменета за лица над 65 години, како и за лица со попреченост, со цел да им се обезбеди континуирана грижа во домашни услови, која ќе ги поддржи во подобрувањето на самостојноста и достоинствениот живот.

## ОДБЕЛЕЖАН СВЕТСКИОТ ДЕН НА ЛИЦАТА СО ХЕНДИКЕП

● По повод Светскиот ден на лицата со хендикеп, што традиционално се одбележува на 3-ти Декември, градоначалникот Александар Георгиевски, оствари средба со претставници на Хуманитарното здружение на граѓани и лица со хендикеп „Илинден“ – Скопје.

На приемот, градоначалникот ја истакна важноста од континуирана поддршка и создавање рамноправни услови за сите лица со хендикеп, додавајќи дека овие наши сограѓани секојдневно се соочуваат со различни бариери, како физички и социјални, така и економски, за што локалната самоуправа има обврска активно да работи на нивно намалување.

## МАНИФЕСТАЦИИ



## ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА ОПШТИНАТА „ИЛИНДЕН 2-ри АВГУСТ“

● Во присуство на голем број граѓани на свечен начин, на централната манифестација којашто се одржа во комплексот на Домот на култура „Илинден“ беше одбележан патрониот празник на Општината „Илинден 2-ри Август“ и националниот празник на македонскиот народ.

По обраќањето на градоначалникот Александар Георгиевски кој на граѓаните им го честиташе патрониот празник, присутните имаа можност да уживаат во познатите хитови на великанот на македонската музика Наум Петрески и Зуица Лазова, како и настапот на АНПИ „Илинден“, КУД „Гоце Маркоски“ и хорот и играорците на Здружението на пензионери „Илинден“.

## ДЕНОВИ НА КУЛТУРАТА 2025

● Се реализираа традиционалните Денови на културата, во чии рамки во Домот на култура „Илинден“, со поддршка на Министерството за култура и туризам, а во соработка со Друштвото на писателите на Македонија, како централен настан се одржа 26-та Литературна манифестација „Илинден 2025“. На поетската вечер посветена на современата македонска поезија настапија повеќемина реномирани македонски и странски поети, а присутните имаа можност да го проследат и настапот на истакнати солисти од Националната опера и балет.

Во рамките на Деновите на културата се одржа традиционалното Литературно матине за деца со учество на повеќемина истакнати македонски писатели за деца и млади. По повод Меѓународната литературна манифестација Општината распиша литературен награден конкурс на тема ,,Пролетта во мојот крај“ за учениците од општинските основни училишта. На Литературното матине беа прочитани наградените песни, а на учениците им беа доделени пригодни награди.

Дел од Деновите на културата беше и промоцијата на книгата „Проникнување на тишината“ од македонско-хрватската поетеса Љерка Тот Наумова, ликовната изложба на младата Марта Патлиџанкова, културно уметничката програма со настап на АМПИ „Илинден“, КУД „Гоце Маркоски“, балетско студио „Марбал“, како и музички колаж (индивидуален настап на ученици од Општината).



Манифестацијата беше збогатена и со проекцијата на македонскиот филм „Снежана на крајот умира“, во режија на Кристијан Ристевски, во кој настапуваат истакнати македонски актери како Сашко Коцев, Тони Михајловски, Валентин Костадиновски и многу други.



## БАДНИК

● Со пеење на христијанската коледарска песна „Вечниот Бог“, носејќи ја макетата на Витлеемската пештера којашто ја симболизира пештерата во која се родил Исус Христос, малите коледарчиња, традиционално во Домот на култура „Илинден“ го најавија славењето на Бадник и Божик. Тие беа пречекани од градоначалникот, Александар Георгиевски кој им подари коледарско пакетче, им посака добро здравје и среќни празници.




## МЕЃУНАРОДЕН ФОЛКЛОРЕН ФЕСТИВАЛ „СВ.ТРОИЦА“

● Во амфитеатарот при Домот на култура „Илинден“ се одржа единаесеттото издание на Меѓународниот фолклорен фестивал „Св. Троица“. Под покровителство на Општина Илинден, а во организацаија на КУД „Гоце Марковски“ од Долно Лисиче на фестивалот продефилираа фолклорни ансамбли од Романија, Бугарија, Словенија и Србија, како и ансамблите КУД „Гоце Марковски“ и АНПИ „Илинден“ од Скопје.

Фестивалот започна со свечено дефиле, на кое сите учесници, придружувани од звуците на зурли и тапани, тргнаа од основното училиште „Гоце Делчев“ и се упатија по главната улица во Илинден, преку кружниот тек каде што беше одиграно најголемото интернационално оро, па сè до Домот на културата „Илинден“.



## ОДБЕЛЕЖАН ПРАЗНИКОТ СВЕТИ КОНСТАНТИН И ЕЛЕНА

● Во духот на православната традиција беше одбележан празникот на светите рамноапостоли Константин и Елена. По тој повод, во црковниот храм којшто го носи нивното име – „Св. Константин и Елена“, пред голем број верници се одржа света литургија на која чиноначалствуваа Архиепископот Охридски и Македонски г.г. Стефан и преосветениот Епископ Дељадровско-Илинденски г. Јоаким со повеќе свештенослужители од Македонската православна црква.

## ОДБЕЛЕЖАН ГОЛЕМИОТ ХРИСТИЈАНСКИ ПРАЗНИК БОГОЈАВЛЕНИЕ-ВОДИЦИ

● Во присуство на голем број верници, под покровителство на Општината, со положување на светиот крст во водите на езерото кај хотелот Белви, од страна на свештениците на црквата Свети Константин и Елена беше одбележан големиот христијански празник Богојавление-Водици.

Најсреќен од пријавените 66 учесници на оваа традиционална манифестација беше Јовица Јаневски кој прв успеа да дојде до Богојавленскиот крст.



## ДЕФИЛЕ ПОД МАСКИ

● Се одржа традиционалната манифестација по повод Денот на шегата 1-ви Април на просторот на Домот на култура Илинден. Супер херои, самовили, пчелки, војници, пеперутки, принцези, со разни маски учениците ја изразија својата бујна фантазија на дефиле под маски.

## НОВОГОДИШЕН БАЗАР

● По повод Новогодишните и Божиќни празници, Општината во соработка со општествено одговорни компании, го организираше традиционалниот Новогодишен базар, што се одржа на новоизградениот парк – плоштад во населеното место Марино.

Под насловот „Патека на радоста“ Новогодишниот базар понуди богата и разновидна празнична програма наменета за сите генерации, чиј дел беа и македонскиот рапер и продуцент Тони Петковски, познат како Тони Зен и младиот музички артист Христијан Настески, познат како Пајак. Во рамките на програмата наменета за сите генерации, најмладите можеа да се дружат со Маша и Медо, да уживаат во танцови изведби и да следат извонредно магионичарско шоу.



# РЕНОВИРАНИ ДОМОВИТЕ НА КУЛТУРА

**● Извршено е реновирање на домовите на култура во Бујковци, Бучинци, Ајватовци и Дељадровци. Овие културни објекти, коишто се од особена важност за жителите на општината, добија целосно обновен лик и значително подобрена функционалност.**

**Во рамки на реновирањето беше опфатено бојадисување на внатрешните и надворешните ѕидови, замена на старите и дотрајани врати и прозорци, менување на постоечката кровна конструкција, како и изведување на други занаетчиски работи.**






## „САЕМ НА ДОМАШНО ВИНО“ ПО ПОВОД ПРАЗНИКОТ НА ЛОЗАРИТЕ

● Во дворот на црквата Свети Трифун во Ајватовци, со закројување на виновата лоза традиционално беше одбележан празникот на лозарите. Празнувањето на православниот празник Свети Трифун почна со Божествена литургија со која чиноначалствуваше владиката Јоаким од Дељадровско-Илинденската Епархија.

Во организација на црковниот одбор на црквата „Свети Трифун“, а под покровителство на градоначалникот Александар Георгиевски, во рамките на одбележувањето се одржа и традиционалната манифестација „Саем на домашно вино“.

Според одлуката на жири комисијата составена од членови на „Вински витези“, здружение за промоција на македонското вино и на македонската култура, за најдобро произведено домашно вино во Општина Илинден беше прогласено виното на Николче Христовски, второто место го доби Борче Божиновски, а третото место му припадна на Страшко Ангеловски.

## ЛИКОВНА ИЗЛОЖБА НА УМЕТНИЦИТЕ ОД ОПШТИНА ИЛИНДЕН

● Во галеријата на Домот на култура „Илинден“ беше отворена седмата по ред ликовна изложба на група талентирани уметници-аматери коишто живеат и творат на територијата на општина Илинден. Љубителите на уметноста можеа да уживаат во 40 уметнички дела создадени со посветена работа и искрена љубов кон сликарството.

## ОДБЕЛЕЖАН 8-МИ МАРТ

● Со скромни подароци, осмомартовски црвени рози и искрени желби за многу здравје, радост, среќа и љубов, градоначалникот Александар Георгиевски, им го честиташе празникот 8-ми Март на припадничките од понежниот пол во Општината, јавните претпријатија но и на општинската администрација.

## ИЗЛОЖБА „КОН СВЕТЛИНАТА“ НА НОВИЦА ТРАЈКОВСКИ

● Во галеријата на Домот на култура „Илинден“ беше отворена ликовната изложба „Кон светлината“, на академскиот уметник Новица Трајковски. Посетителите имаа можност да погледнат околу педесет дела создадени во техника акрил и масло на платно, преку кои авторот ги преточува темите што ја обојуваат неговата долгогодишна творечка практика.



# СО ПОЛОЖУВАЊЕ ЦВЕЌЕ ПРЕД СПОМЕНИКОТ НА ВАСИЛ СТОЈАНОВ-АЏИЛАРСКИ ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА БОРБА



● По повод 23-ти Октомври, Денот на македонската револуционерна борба, во населеното место Миладиновци се одржа пригоден настан на којшто достоинствено беше одбележан овој значаен историски датум. Со положување свежо цвеќе пред споменикот на македонскиот револуционер Васил Стојанов-Аџаларски, присутните изразија почит кон неговата херојска борба за слободна татковина.

Васил Стојанов-Аџаларски е роден во 1880 година во селото Аџалари, денешно Миладиновци. Тој бил истакнат војвода и борец за национална слобода, кој предводел чета составена од комити од поширокиот регион на денешна општина Илинден. Аџиларски херојски загинал во 1909 година.

Во рамки на свеченото одбележување, во Домот на културата во Миладиновци под покровителство на градоначалникот Александар Георгиевски се одржа и шаховски турнир организиран од Здружението на пензионери „Илинден“.



## ОДБЕЛЕЖАНА ГОДИШНИНАТА ОД СМРТТА НА ДРАГО МАНЕВСКИ

● Со положување свежо цвеќе пред споменплочата на македонскиот бранител и херој од 2001 година, припадник на македонските безбедносни сили, Драго Маневски, беше одбележана 24-годишнината од неговата смрт.

Драго Маневски, роден во Марино во 1966 година, го загуби животот на 11 ноември 2001 година во село Требош, како припадник на безбедносните сили на Република Македонија, борејќи се за својата татковина.

## ОДБЕЛЕЖАНА 24-ТА ГОДИШНИНА ОД СМРТТА НА ПРИПАДНИКОТ НА БЕЗБЕДНОСНИТЕ СИЛИ, РОБЕРТ ПЕТКОВСКИ

● Со положување свежо цвеќе пред спомен плочата во Бунарџик беше одбележана 24-та годишнина од смртта на Роберт Петковски, кој како припадник на Министерството за одбрана трагично загина во Вејце, на 28 април 2001 година. Во чест на Роберт Петковски кој беше член на фудбалскиот клуб „Бунарџик“, под покровителство на градоначалникот Георгиевски, се одржа традиционален меморијален фудбалски натпревар што се одигра на фудбалското игралиште во Бунарџик, што го носи токму името „Роберт Петковски“.



СПОРТ



## МЕЃУНАРОДЕН ФУДБАЛСКИ ТУРНИР „ИЛИНДЕН КУП 2025“

● По трет пат Општината беше домаќин на меѓународниот фудбалски турнир „ИЛИНДЕН КУП 2025“, на којшто учествуваа 217 екипи од осум европски држави и над 3500 деца од различни возрасни категории.

Турнирот во организација на Фудбалската школа „Гроздановски“, под покровителство на Општина Илинден, се реализираше на фудбалските терени во Илинден, Марино и Кадино.

## „ЕКСПЕДИЦИЈА НИЗ СРЦЕТО НА ИЛИНДЕН 2025“

● Во организација на Здружението МТБ Илинден, а со поддршка на Општината се одржа велосипедската тура „Експедиција низ срцето на Илинден 2025“. На настанот официјално беа пријавени 200 велосипедисти од целата држава, додека неофицијално присуствуваа рекордни 250 учесници. Велосипедската тура што стартуваше пред спортската сала „Гоце Делчев“ се возеше по асфалтен и земјен пат низ пределот на општина Илинден во должина од околу 40 километри.



За време на овој настан, од страна на Вело училиштето се организираше и креативно-едукативна вело работилница за деца, кадешто најмалите имаа можност низ игра и дружење да научат важни вештини за безбедно возење велосипед, како и за важноста од активен и здрав начин на живот.

## МЕМОРИЈАЛНИ НАТПРЕВАРИ ВО ФУДБАЛ

● На спортскиот терен во населеното место Мралино се одржа Меморијален натпревар во чест на Ѓоре Димоски-ЈОЦО и Велковски Марјан-КАРЕ. Пред голем број љубители на фудбалот на турнирот учествуваа четири екипи од Мралино.

● Со учество на 24 екипи од повеќе општини во Дељадровци се одржа Меморијалниот турнир во мал фудбал „Драганчо Стојановски-ПРПЕ“.

## „ДЕНОВИ ЗА СПОРТ НА МЛАДИТЕ ВО ОПШТИНА ИЛИНДЕН“

● На повеќе спортски терени во Општината се одржа манифестацијата „Денови за спорт на младите во општина Илинден“, на која се натпреваруваа над 400 ученици од основните училишта, како и учениците од средното општинско стручно училиште „Илинден“. Во рамките на манифестацијата учениците од основните училишта се натпреваруваа во футсал, ракомет и одбојка во машка и женска категорија, како и атлетика. Се одржа турнир во баскет за учениците од СОСУ „Илинден“ и елементарни штафетни игри за учениците од одделенска настава.

Градоначалникот Александар Георгиевски на најдобрите екипи им додели соодветни пехари.



## ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА ЗА РАЗВОЈ НА ФУДБАЛОТ СО СПОРТ ЛАЈФ

● Со цел воспоставување заемна соработка во насока на поддршка, развој и унапредување на спортот, особено фудбалот на територија на општината, потпишан е меморандум за соработка со претставниците на Спорт Лајф Скопје. Спогодбата предвидува заедничка заложба за унапредување на условите на фудбалските клубови во општината, како и за развојот на младинските категории. Според меморандумот Спорт Лаиф Скопје ќе обезбеди финансиска поддршка за фудбалски клуб со седиште во општина Илинден, којшто ќе го носи токму името на општината, односно „ФК Илинден“. Од друга страна, Општината ќе одвои финансиски средства за покривање на котизацијата на клубот кон Фудбалската федерација на Македонија (ФФМ), што ќе овозможи клубот да учествува во официјални фудбалски натпревари.

## БЛАГОДАРНИЦА ОД ЗДРУЖЕНИЕТО МТБ ИЛИНДЕН

● Во посета на градоначалникот на општина Илинден, Александар Георгиевски, беа членови на здружението МТБ Илинден, кои по повод на успешно реализираната соработка, како знак на благодарност за поддршката на Општина Илинден за одржување на велосипедската тура „Експедиција низ срцето на Илинден 2025“ на градоначалникот му доделија благодарница.

# ПУШТЕН ВО УПОТРЕБА ТЕРЕНОТ НА ФУДБАЛСКИОТ СТАДИОН ВО НАСЕЛБА ИЛИНДЕН



● Со одигрување фудбалски натпревар беше пуштен во употреба новиот терен на фудбалскиот стадион во населба Илинден, капитална инвестиција што Општината ја реализираше во соработка со Фудбалската федерација на Македонија (ФФМ). Овој проект претставува едно од најзначајните инфраструктурни вложувања во спортот на локално ниво и е симбол на континуираниот развој на општината.

Стадионот е изграден согласно сите современи стандарди за одржување на фудбалски натпревари, вклучително и критериумите на УЕФА. Проектот опфати комплетна реконструкција и проширување на фудбалскиот терен со поставување на нова вештачка трева и нова заштитна ограда, како и изградба на систем за дренажа и одводнување, со што ќе се добие професионална подлога за одржување на фудбалските натпревари. Во следната фаза ќе биде изградена нова трибина со капацитет од 1.100 гледачи, како и нови административни и технички простории, соблекувални и стадионско осветлување. Исто така, ќе се изградат паркинг места, а хортикултурно ќе биде уреден и просторот околу стадионот.

## СЕ ОДРЖА 11-ТИОТ ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ „МРШЕВЦИ 2025“

● Пред голем број љубители на спортот на спортс-киот терен во Мршевци се одржа единаесеттиот турнир во мал фудбал „Мршевци 2025“ на кој учествуваа 32 екипи, коишто се натпреваруваа во осум групи од по четири екипи во секоја група. Покрај спортскиот дел, во рамките на турнирот којшто траеше во текот на месец август имаше и забавен дел со музичка програма, каде што настапи Никола Станишиќ.

## ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА-ИЗГРАДБА

**● Изградени се две детски игралишта во Мралино. Едното игралиште се наоѓа на дел од улица „7“, додека пак, другото е во дворот на ПООУ „Ристо Крле“. Дополнително околу училишната зграда на ПООУ „Ристо Крле“ извршено е хортикултурно уредување на паркот и партерно уредување на дворот со бекатон плочки на површина од 722 м², а изгрзден е и нов паркинг простор и патеки.**

**● Изградено е современо детско игралиште во Бунарџик, со што најмладите жители добија ново катче за игра, дружење и рекреација. Игралиштето е комплетно уредено со современа урбана опрема по највисоки стандарди за детска безбедност и забава.**

**● Близу новото подрачно основно училиште во населба Илинден изградено е детско игралиште на кое најмладите ќе можат да се забавуваат на комбинирана лизгалка, двојна лулашка, единечна клацкалка и други разни детски фигури. Игралиштето е оградено со ограда во вид на моливи, поставени се павер елементи и осветлување, како и клупи и корпи за отпадоци.**




## НОВОТО РАКОВОДСТВО НА ФК „ИЛИНДЕН“ НА ПРИЕМ КАЈ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ГЕОРГИЕВСКИ

● Градоначалникот на Општина Илинден, Александар Георгиевски, го прими новото раководство на Фудбалскиот клуб „Илинден“, како и новиот претседател Ѓоко Стерјоски.

На состанокот, новото раководство на клубот го информираше градоначалникот за новите планови и цели во наредниот период. Притоа, во знак на благодарност, претседателот на ФК „Илинден“, на градоначалникот му подари симболичен подарок – дрес со неговото презиме, симболично означувајќи ја новата фаза на партнерство меѓу општината и клубот.

## МЕЃУНАРОДЕН ЏИУ ЏИЦА ТУРНИР „СКОПЈЕ ОПЕН 2025“

● Во спортската сала „Гоце Делчев“ се одржа 14. издание на традиционалниот Меѓународен џиу-џица турнир „Скопје Опен 2025“. Настанот во кој учествуваа 23 клубови од седум држави, со повеќе од 280 натпреварувачи го организираше Македонската џиу-џица федерација. На турнирот учествуваа екипи од Словенија, Србија, Република Српска, Црна Гора, Грција, Бугарија, како и голем број клубови од Македонија. Пополнети се вкупно 204 категории во борби и 38 категории во НеВаза, што претставува досега најголем обем на категории одржани на турнирот.

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН ВО **2025** ГОДИНА

Издавач: Општина Илинден, Градоначалник: **Александар Георгиевски** | Уредник: **Ристо Томовски** | Технички уредник: **Антон Власов** | Лектор: **Маргарита Блажевска**
Адреса: улица „9“ број 38, населба Илинден | тел. (02) 2571-703; 2571-704 | e-mail: ilinden@ilinden.gov.mk | Печати: „Европа 92“ Кочани

- ЈАНУАРИ 2026 -

ilinden.gov.mk